До: Државна Комисија за спречување на корупцијата
Бул. Пресвета Богородица број 3
Република Северна Македонија

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP
Примено: / Pranuar: 21-03-2025
Орг. Единица / Nj. Organizative: 03 | Број / Numri: 1146/1 | Прилог / Shtojcë: | Вредност / Vlera:

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: [redacted]

________________________________________________________________

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ______//////____________________________________
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. **На 15 седница на Државната комисија за спречување на корупција одржана на 21.02.2025 година е донесена одлука со број 12-940/1 од 26.02.2025 година во врска со број 12-2958/1 од 2024 година која е јавно објавена на веб страната на ДКСК и во која е наведено дека одлуката со известување ќе се достави до Комисијата за прашањата на изборите и именувањата во Собранието на РСМ. Барам електронски по емаил да ми доставите скенирана копија од дописот/ известувањето кое е испратено до Собранието на РСМ со насоките за нивно понатамошно постапување.**

2. **Дали освен за овој избран член на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации за кој веќе има одлука, се водат и постапки за некој друг член на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, доколку има во тек постапки за колку и кои се лица против кои истите се водат, а доколку истите постапки се завршени, барам да ми се пратат одлуките електронски по емаил.**

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) **електронски запис**
- д) друго ________________________________
  (се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**

- д) друго ____________________________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Скопје, 21.03.2025 година .** __________[redacted]______

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

**Burim Abazi**

| | |
|---|---|
| **From:** | [redacted] |
| **Sent:** | Friday, March 21, 2025 1:28 PM |
| **To:** | b.abazi@dksk.org.mk; contact@dksk.org.mk |
| **Subject:** | Барање за слободен пристап 21.03.2025 |
| **Attachments:** | Baranje za sloboden pristap DKSK_Aleksandar Kostovski_21.03.2025.doc |

Почитувани,

Во прилог на овој емаил Ви испраќам Барање за слободен пристап до информациите од јавен карактер и на истото го очекувам Вашиот одговор согласно законските рокови.

Одговорот како што ми е наведено и во самото барање, барам да ми го доставите електронски на овој емаил.

Со почит,
[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр. / Nr. 03-1146/2
27-03-2025 г./v

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019) Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) постапувајќи по барање за пристап до информации од јавен карактер заведен под наш архивски број 03-1146/1 од 21.03.2025 година, доставено од [redacted] го донесе, следното

## РЕШЕНИЕ

Барањето за пристап до информации од јавен карактер заведено под наш архивски бр. 03-1146/1 од 21.03.2025 година, доставено до ДКСК, **СЕ УВАЖУВА**.

До барателот да се достават бараните информации на начин наведено во барањето по одвојување на податоците кои се заштитени со закон.

Ова решение стапува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Постапувајќи по барање за пристап до информации од јавен карактер доставено од страна на барателот [redacted], заведен под наш архивски бр. 03-1146/1 од 21.03.2025 година. Имателот на информации – ДКСК утврди дека располага со бараната информација.

Предмет на ова барање се информации за кои во ДКСК постапките се завршени. Имено согласно со постојната регулатива ДКСК постапува по сопствена иницијатива или врз основа на добиени пријави.

ДКСК по однос на бараните информации одлучи на следниот начин:

По однос на бараната информација *„1. На 15 седница на Државната комисија за спречување на корупција одржана на 21.02.2025 година е донесена одлука со број 12-940/1 од 26.02.2025 година во врска со број 12-2958/1 од 2024 година која е јавно објавена на веб страната на ДКСК и во која е наведено дека одлуката со известување ќе се достави до Комисијата за прашањата на изборите и именувањата во Собранието на РСМ. Барам електронски по емаил да ми доставите скенирана копија од дописот/ известувањето кое е испратено до Собранието на РСМ со насоките за нивно*

*понатамошно постапување.* ДКСК утврди дека располага со бараната информација и одлучи до барателот да се достави Известувањето заведен под бр. 12-940/2 од 28.02.2025 година, со кое на Комисијата за прашања на избори и именувања при Собранието на РСМ, се доставува на запознавање Одлука на ДКСК донесена по предметот бр. 12-2958/1 од 18.11.2024 година, донесена на 15-та седница од 21.02.2025 година и објавена на веб страната на ДКСК.

По однос на бараната информација „*2. Дали освен за овој избран член на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации за кој веќе има одлука, се водат и постапки за некој друг член на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, доколку има во тек постапки за колку и кои се лица против кои истите се водат, а доколку истите постапки се завршени, барам да ми се пратат одлуките електронски по емаил*" ДКСК има постапено и одлучено уште по еден предмет со бр. 12-2791/1 од 28.10.2024 година, оформен по пријава со наводи во врска со објавен оглас за именување на членови на .............. ДКСК на 10-та седница одржана на 08.11.2024 година по предметот има донесено Одлука заведен под бр. 12-2791/2 од 19.11.2024 година и истата е објавена на веб страницата на ДКСК во деперсонализирана форма согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Со оглед на ваквата фактичка состојба, а согласно со одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ДКСК одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение дозволена е жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на истото

**Претседател**
**Татјана Димитровска**

Изготвил: Бурим Абази – Службено лице,
Одобрил: Адем Чулуљ – Генерален секретар,

Да се достави до:
- подносителот